# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЏЕЗ ГИТАРА И ЏЕЗ КОМПОЗИЦИЈА НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1402-71/5 од 20.6.2017 година донесена на седницата на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичка академија именувана е Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област *џез гитара и џез композиција* на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

– **проф. м-р Ѓеоги Мицанов**, редовен професор од наставно-научната област видови инструменти – саксофон на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - претседател;
– **проф. д-р Илчо Јованов**, редовен професор од наставно-научните области теорија на музиката и видови инструменти-етнохармоника на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - член;
– **проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска**, редовен професор од наставно-научните области теорија на музиката и композиција на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 6.6.2017 година и во предвидениот рок се пријави м-р Антонијо Китановски, вонреден професор по *џез гитара и џез композиција* на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од страна на кандидатот, во функција на Рецензентска комисија констатиравме дека се доставени сите потребни документи согласно со објавениот Конкурс и на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија му го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### *Биографски податоци*

Кандидатот **проф. м-р Антонијо Китановски** е роден на 10 септември 1964 год. во Скопје. Музичкото образование го започнува под менторство на Драган Ѓаконовски-Шпато. Интензивните, речиси секојдневни, музички студии со Шпато траат осум години, сè до смрта на големиот музичар. Китановски потоа заминува за Бостон каде што ги продолжува студиите и својата професионална кариера. Благодарение на исклучително ретко доделуваната награда „Роберт Шер“ во форма на полна стипендија дипломира џез композиција на престижниот Беркли колеџ (Berklee College of Music).

Кандидатот проф. м-р Антонијо Китановски изучува композиција под менторство на Грег Хопкинс и Херб Помероj, специјални студии по композиција и аражирање со Денис Грило (ученик на Пол Хиндемит), учествува на семинари по композиција на Ѓорѓи Лигети и Лучијано Берио на Конзерваториумот на Нова Англија и Харвард. По десетина години се враќа во Македонија и продолжува да ја гради својата кариера на стариот континент. Покрај професионалниот ангажман на домашната и на светска сцена, и како гитарист, водач на состави и композитор, издавање и продуцирање албуми за домашни и на странски издавачи, своите музички искуства ги пренесува на помладите надежни колеги и колешки.

Автор е на голем број композиции за џез состави издадени (Enter media Publishing, Enja Records, SJF…) и дистрибуирани на сите континенти, автор е на симфониски дела и филмска музика за четири играни филмови (домашни и странски продукции), дваесетина документарни филмови, перформанс, театар и современ танц. Музиката за филмот „Медена ноќ“ на режисерот Иво Трајков ја сними со биг-бендот на Љубљанското Радио.

Во моментов пишува *Концерт за камерен состав* со врвниот светски класичен гитарист Петрит Чеку и соработува на продукција на албум со музичари од Киншаса, ДР Конго.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор од областа на музичката уметност за стручно-уметничките предмети***

Редовен професор од научната област во која се избира со диплома за завршено соодветно високо образование од втор степен музички науки или музички уметности.

Кандидатот проф. м-р Антонијо Китановски на неговиот претходен реизбор е промовиран во звањето вонреден професор по наставно-научната област *џез гитара и џез композиција* на Музичката академија од страна на Наставно-научниот уметнички совет на МА во Штип. На Конкурсот има приложено диплома со степен магистер по музичка уметност во областа џез студии (џез гитара) стекната на УГД – Штип.

Изведба на осум целовечерни концерти (во земјава или во странство).

Концертите и останатите форми на уметничка дејност реализирани во минативе пет години далеку ја надминуваат минималната бројка за исполнување на критериумите на Конкурсот се наведени во поглавјето за научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности со линкови од репозиториумот на УГД.

Има придонес во оспособувањето на соработници и помлади наставници.

Покрај редовната наставна дејност добро е познат неговиот особен придонес кон изградувањето на помлади наставници во форма на нивно стручно усовршување во областа на уметничкиот израз, педагогијата и усовршување на наставните содржини.

Под негово менторство се изработени поголем број дипломски или магистерски трудови.

Покажува способност во изведувањето на сите видови високообразовна дејност.

Проф. м-р Антонијо Китановски успешно изведува настава на прв циклус студии по предметите:

- Матичен инструмент (џез гитара);
- Аранжирање 2;
- Семинар по џез композиција.

На студиската програма од втор циклус по предметите:

- Напредни техники на импровизација 1, 2;
- Музика на човековиот род;
- Матичен инструмент (џез гитара);
- Џез ансамбл.

Проф. м-р Китановски е член на тимот кој ги креираше наставните програми по Џез студии и Композиција на Музичката академија во Штип.

Има издаден универзитетски учебник или стручна книга или монографија или ЦД или ДВД.

Проф. м-р Антонијо Китановски има издадено две ЦД-а со негова авторска музика и музички состави во кој тој е лидер и главен солист, објавени во репозиториумот на УГД.

Има преодна просечна оценка од официјалните анкети на студентите реализирани на соодветните единици на Универзитетот.

Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО) =40, (НИ) =131, (САОР) = 52 или вкупно 223 поени (потребен минимум е 100 поени).

***Наставно-образовна дејност***

Во 2012 година проф. м-р Антонијо Китановски е избран за вонреден професор по Џез композиција и џез гитара на Музичката академија при УГД-Штип. Претходно е избран како доцент во 2007 година на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Бил ментор на повеќе дипломци и магистранди.

Покрај гореспоменатите предмети (точка 5.), на УГД ги предавал и предметите:
- Историја и теорија на џезот;
- Џез ансамбл;
- Основи на музика и тон во филмот.

На Институтот за филм ФИОФА во Охрид го предава предметот Филмска музика на програмата за магистерски студии.

Предавања и мастер класи вон УГД:
- Музичкото училиште во Тиват, Црна Фора, десетдневно менторство и предавања како дел од проектот „Оркестарот Нова искра“ (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14804)
- Работилница и конференција на тема „Музиката во документарниот филм“, Македокс фестивал, Скопје (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14803)

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

Во изминативе пет години проф. м-р Антонијо Китановски има создадено композиции за филм, снимено и продуцирано ЦД-а и изведено целовечерни концерти, наведени подолу (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под реден број 6 за вкупен број поени од овие концерти):

1. 2016 година, автор на музиката за филмот „Мојот превртен свет“ на словенечката режисерка Петра Селишкар (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/16508);
2. 2016 година, автор на музиката за филмот „Игла испод прагот“ на црногорскиот режисер Иван Мариновиќ (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15598);
3. 2016 година, Тони Китановски трио, предавање и целовечерен концерт пред публика и снимање за потребите на РТВ Нови Сад (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15418);
4. 2016 година, Оркестар Нова искра – жените на Балканот во џезот, ментор и диригент на целиот проект со настапи во Тиват, Нови Сад, Суботица, Белград, Битола, Штип и Цетиње (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15398м);
5. 2016 година, Соработка со големиот африкански музичар Ерик Малу Малу од Конго, композиции издадени во дигитална форма и изведени на Парискoто радио и Радио Мелбурн (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14805);
6. 2015 година, „3 Mundus“ ЦД издание FOUR Records, Италија, со вокалистката Амалиа Бараона од Португалија, Тони Китановски – продуцент, аранжер и солист (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14196);
7. 2015 година, Таксират фестивал, Метрополис арена, САФ и Тони Китановски биг бенд (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14802);
8. 2015 година, Тони Китановски трио во „Porgy & Bess“ во Виена, Австрија (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14193);
9. 2015 година, Тони Китановски трио, отворање на интернационалниот фестивал на античка драма Стоби, Велес (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14216);
10. 2015 година, Тони Китановски трио, 15. интернационален џез фестивал Зеленковец, БиХ (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14213);
11. 2015 година, Тони Китановски трио, „Bird’s eye”, Базел, Швајцарија (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14194);
12. 2015 година, Тони Китановски и Черкези, „Le Cargo“, Кан, Франција (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14195);

13. 2015 година, Тони Китановски трио, „Unterfahrt“ , Минхен, Германија
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13111);
14. 2014 година, автор на музиката за документарниот филм „Колонизација и асимилација на вардарскиот дел на Македонија“, Кавал Филм, Скопје
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12380);
15. 2014 година, автор на музиката за играниот филм „Медена ноќ“ на режисерот Иво Трајков
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12311);
16. 2014 година, Тони Китановски трио, „Whynot Jazz Room”, Њујорк, САД
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11658);
17. 2014 година, Тони Китановски трио, „Nublu Jazz festival”, Њујорк, САД
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11659);
18. 2014 година, Тони Китановски трио со американски гости артисти на првиот Џез фестивал во Битола
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11403);
19. 2014 година, Тони Китановски трио, 3x3, ЦД издание, СЦФ Скопје
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11329);
20. 2014 година, Тони Китановски биг бенд, Бела ноќ, Скопје
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11280);
21. 2014 година, Тони Китановски биг бенд, Битфест, Битола
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11279);
22. 2013 година, Тони Китановски, Пиволенд фестивал, Скопје
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/9239);
23. 2013 година, Тони Китановски квартет, “Soundscapes festival”, Базел, Швајцарија
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/9240);
24. 2013 година, автор на музиката за документарниот филм за Даме Груев, Кавал филм, Скопје
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/9571);
25. 2013 година, автор на музиката за филмот „Само за губитници“ на режисерот Иво Трајков
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/9241);
26. 2013 година, Тони Китановски и Черкези, Летен фестивал, Штутгарт, Германија
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/7866);
27. 2013 година, Тони Китановски трио, Астибо џез фестивал, Штип
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/7866);
28. 2013 година, Тони Китановски и Черкези, “CRR Concert Hall”, Истанбул, Турција
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/7865);
29. 2012 година, Тони Китановски и Черкези, “Europaische Kircshen Music Festival”, Швабиш Гмунд, Германија
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/5668);
30. 2012 година, автор на химната на European Jazz Network, премиерно изведена од Instabile Orchestra во Бари, Италија
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/5667).

**Стручно-*апликативна и организациско-развојна дејност***

Проф. м-р Антонијо Китановски веќе една година ја извршува функцијата декан на Музичката академија во Штип. Во претходниот мандат беше продекан за настава. Тој е редовен член на комисиите за приемни испити и завршни испити на Музичката академија при УГД – Штип на додипломските и постдипломските студии. Дел и од тимот што ги изработува студиските програми на Одделот по џез студии на Музичката академија во Штип (види табела Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност под реден број 28 за поени).

Меѓу другото бил и селектор на културни збиднувања и фестивали:

- 2014, „Бела ноќ“, Скопје
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12553);

- 2014 година, „Макфест“, Штип
  (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12497).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Универзитетски гласник бр. 31 од 16 мај 2014 г.), како и по деталното разгледување на комплетната доставена документација наведена во Конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот проф. м-р Антонијо Китановски ги има остварено потребните поени кои се однесуваат на наставно-образовната дејност, научноистражувачката дејност и стручно-уметничките активности, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност или вкупно 223 поени (НО+НИ+САОР=40+131+52) од неопходниот минимум од 100 поени.

Задоволство ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија да го усвои нашиот предлог и Предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатот **проф. м-р Антонијо Китановски да биде избран во наставно-научно звање редовен професор за наставно-научната област џез гитара и џез композиција.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Ѓеорги Мицанов, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Илчо Јованов, редовен професор, член,с.р.**
**М-р Валентина Велковска-Трајановска, редовен професор, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ЗА КАНДИДАТОТ М-Р АНТОНИЈО КИТАНОВСКИ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **5.** | Избор во звање вонреден професор Музичка академија УГД – Штип во 2012 година | 40 | | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40 поени** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **6.** | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба<br>- Концертни настапи<br>- Музика за филм | 12x3 | 36 | 14x6 | 84 | 120 |
| **7.** | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт<br>- предавање | 1 | 3 | 1 | 6 | 9 |
| **19.** | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 2x1 | 2 | | | 2 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **131 поени** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Издаден компакт-диск | 1x6 | 6 | 1x8 | 8 | 14 |
| **28.** | Член на факултетски орган, комисија<br>- декан<br>- член на комисии за упис<br>- член на комисии за дипломски труд<br>- член на комисии за магистерски труд | 12<br>5x2<br>5x2<br>3x2 | 12<br>10<br>10<br>6 | | | 38 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **52 поени** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **223 поени** |